Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 556 | www.mchamber.mk | 26.01.2024




## НОВИ АЛАТКИ ЗА УСПЕШНИ БИЗНИСИ СТАВЕН ВО ФУНКЦИЈА ЦЕНТАРОТ ЗА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА



## ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО АТАШЕ НА АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА ЗА РС МАКЕДОНИЈА



## Комората одржа средба со ректорите во насоки за соработка на бизнис секторот со науката во интерес на зголемување на конкурентноста на македонската економија

### КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА

09.02.2024, Семинар
КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ СО ЕКСЕЛ И АПЛИКАЦИИ ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

13.02.2024, Семинар
УМЕТНОСТА НА ВЛИЈАТЕЛНО РАСКАЖУВАЊЕ НА ПРИКАЗНА ОД ПОДАТОЦИ: ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МОЌТА НА ВИЗУЕЛНИОТ НАРАТИВ

13.02.2024, Семинар
TEAM BUILDING, ОДНЕСУВАЊЕ НА ТИМОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ВРАБОТЕНИТЕ

19.02.2024, Семинар
БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ОД АСПЕКТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ

22.02.2024, Семинар
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈА, СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПРЕКУ ЏОХАРИ ПРОЗОРЕЦОТ И МЕТОДАТА „POINTS OF YOU“

27.02.2024, Семинар
КОНТРОЛА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ПРЕКУ ИТ РЕВИЗИЈА

28.02.2024, Семинар
ИНТРАХОСПИТАЛНИ ИНФЕКЦИИ ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА, ПОСТАПУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД

29.02.2024, Семинар
ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИ-Правата и обврските на субјектите на надзор при спроведување на инспекциски надзор, посебни дејствија во инспекциска постапка

04.03.2024, Online средби
Покана за учество на Б2Б средби на тема:„ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА“, 8 - 9 март 2024 година, Солун, Грција - ЕЕН мрежа

08.04.2024, Саем
ПОКАНА за учество на саем и Б2Б „Денови на технологија и деловна соработка 2024 година“ - “Technology & Business Cooperation Days 2024” (хибриден настан), Хановер, Германија, 9-25 април 2024 - ЕЕН мрежа

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

GRANIT · vitaminka · T

IGM trade · АЛКАЛОИД СКОПЈЕ · МЕПСО · NLB Banka

ПЕКАБЕСКО · КОЖУВЧАНКА · nextsense · MERMEREN Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

OKTA · ZAN MITREV CLINIC · CROATIA OSIGURANJE

HALKBANK · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ · Duna · Comodita HOME

## СИЛВЕР Покровители

Swisslion · COLENCO

VEZESHARRI · AllianceOne

достапни насекаде ...



Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ГЕОДЕТСКАТА КОМОРА БАРА - ФОКУС НА РАЗВОЈ, СТАНДАРДИ И СОВРЕМЕНА ТЕХНОЛОГИЈА, НАМЕСТО СИСТЕМСКИ ПРЕЧКИ




Во секојдневното работење на Комората најавуваме уште една новина, а тоа е делувањето на Комората на трговски друштва за геодетски работи во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија, за што беше склучен договор за соработка меѓу двете Комори.

Геодетската дејност е нераскинлив дел од секојдневното функционирање и одржливиот развој на секое општество во целина и имајќи го во предвид ова, компаниите кои ја обавуваат оваа дејност во изминативе 20-тина години во делот на реализација на урбанистични планови, експропријација, приватизација на градежно земјиште, легализација на бесправно изградени објекти и друго, покажаа дека имаат суштинска улога во граѓанските постапки, стопанството и воопшто во самото општество, а воедно ја докажаа својата подготвеност за одговор на поставените предизвици.

Од тој аспект со задоволство и целосно ќе ја поддржиме геодетската комора, во нивните напори за унапредување на приватниот сектор од геодетската област и професијата воопшто, каде катастарот, сигурноста на имотите, геодезијата, слободниот пазар, имплементацијата на европските политики за отворени и бесплатни софтвери и стандарди од областа на геодезијата, ќе бидат главни стратешки цели на заедничкото делување потенцираше Антони Пешев - извршен директор на Стопанската комора на Северна Македонија.

Претседателот на Комората на трговски друштва за геодетски работи г-дин Никола Рибароски

истакна дека поради јавните овластувања кои ги има во согласност со Законот, а кои во моментов незаконски и се одземени, ќе продолжи да делува како независна, но од денес и под чадорот на Стопанската Комора. Соработката со Комора која ја официјализираме денеска, ќе биде во насока на поддршка на нашите залжоби да обезбедиме за компаниите кои се дел од Геодетската комора соодветен деловен амбиент преку кој ќе се обидеме да ја истакнеме важноста на конструктивниот јавно-приватен дијалог.

Главните и суштинските залажби и цели на нашата Комора, се однесуваат на штитењето на интересот на своите членки во целост, а не на туѓите и лични интереси на поединци, понатаму нивна подрршка со цел зголемување на нивните стручни и економски капацитети преку имплементирање на светски современи стандарди од областа на геоинформациите и користењето на современата технологија, за уште поголема конкурентост во водењето и имплементирањето на круцијалните проекти од државен интерес, но и на различни меѓународни проекти. За тоа Комората ќе го продолжи своето членување во различни меѓународни стручни организации, а ќе ја продолжи и одлично воспоставената пракса за воспоставување на контакти, градење пријатество и конкретни чекори за соработка со многу домашни и меѓународни исцтитуции.

Ја користам оваа прилика, да ве информирам дека после 4 годишна сага, Владата е во процес на донесување или измена на тарифникот за нашите услуги, кој оваа година навршува 10 години од неговото донесување, и повикуваме овој процес да биде завршен во најкус можен рок, бидејќи истиот е усвоен од страна на Управниот Одбор на Агенцијата за катастар, а во овој момент за истиот во неколку владини иститиции се дава на мислење, но сметаме дека сето тоа трае предолго, а во меѓувреме се прават обиди за различни симулирања, преку измени на постојниот Тарифник.

За крај, ние сме убедени дека со помош и поддршка на Стопанската комора на Северна Македонија сите овие наши цели во целост ќе ги оствариме, а проблемите како што реков во многу скора идина ќе останат зад нас, - посочи Рибароски.









## Комората одржа средба со ректорите во насоки за соработка на бизнис секторот со науката во интерес на зголемување на конкурентноста на македонската економија



Еден од главните приоритети на Комората е да предлага мерки и наоѓа начини како да го унапреди работењето на компаниите и да обезбеди подобро бизнис опкружување во интерес на зголемена конкурентност на македонската економија и на самите компании. Во таа насока, денес претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, одржа средба со ректорката на УКИМ, проф. д-р Биљана Ангелова придружувана од проректорите при универзитетот, ректорот при УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, проректорот при УГД, проф. д-р Дарко Лазаров, ректорот при УКЛО, проф. д-р Игор Неделковски и ректорот при УЈИЕ, акад. проф. д-р Абдулменаф Беџети.

Во изминатиот период преку конкретни чекори и активности, заложбите на Комората е да се воспостават механизми со државните Универзитети, да се работи на градење платформа и програма за заедничка соработка со цел науката да се стави во функција на бизнисот и развојот на македонската економија.

„Комората активно работи на обединување на сите чинители во државата, особено на поинтензивно поврзување со науката со цел да испорача конкретна поддршка за компаниите во нивните напори за воведување на нови технологии, иновации и зелена транзиција како основа за поголема конкурентност. Комората во минатото има добро искуство на соработка со универзитетите што е неопходно да се надгради и интензивира.

Преку градење и унапредување на соработката со Универзитетите ќе им се овозможи на нашите компании да ги искористат капацитетите на истражувачката дејност на Универзитетите во делот на имплементирање на еколошките стандарди, циркуларна и зелена екомомија и да користат научна и стручна експертиза во делот на исполнување на меѓународните стандарди за заштита на животната средина и зелената трансформација", порача претседателот Азески.

# СТАВЕН ВО ФУНКЦИЈА ЦЕНТАРОТ ЗА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА




Стопанската комора на Северна Македонија го формираше Центарот за микро, мали и средни претпријатија, со цел поддршка и развој на економската активност за потребите на компаниите, чија улога ќе биде во интерес на оваа група правни субјекти да обезбеди сет на услуги и подршка за нивно непречено функционирање.

Денешната промоција ја организираме пред вас медиумите во присуство на дел од претставниците на микро, мали и средни компании, со цел да презентираме дека како Комора воведувајќи нови алатки за потребите на компаниите излагаме во пресрет на нивните потреби со цел поддршка на развојот, иновативноста и продуктивноста во целост, бидејќи без стопанство, државата не може да опстане, истакна извршниот директор на Стопанската комора м-р Антони Пешев. Како што истакна, улогата на микро малите и средни претпријатија претставуваат значаен и витален дел на економијата во секоја земја, вклучително и нашата, каде последните официјални статистички податоци покажуваат дека оваа структура на компании имаат доминантно учество од 99,6% во вкупниот број на активни деловни субјекти во државата, и воедно се најголеми работодавачи, обезбедувајќи околу 70% од вкупниот број на вработени лица. Од друга страна учеството на ММСП во додадената вредност која се креира во земјата е со многу помал процент во вкупната додадена вредност споредено со големите компании. Ние како Комора знаеме дека однадвор сме препознаени како претставници на големите компании, кои покрај ниското учество од 0,3% во вкупните деловни субјекти во државата креираат околу 40% од додадената вредност и можеби тоа досега сме го истакнувале за да се разбере нивното економско значење и тежината од продонесот во домашната економија. Во нашата Комора, структурата на членството кореспондира со структурата на деловните субјекти дефиирани според нивната големина. Па така 86% од вкупните активни членки во СКСМ, се во групата на микро, мали и средни претпријатија. Затоа за нас клучен предизвик во наредниот период ќе биде, како на овие компании да им се помогне да остварат поголем раст и да придонесат во креирање на поголема додадена вредност.

Претседателката на Центарот за микро, мали и средни претпријатија при СКСМ, Габриела Кулебанова на денешната промоција истакна дека со оваа но и серијата нови алатки за успешни бизниси кои годинава се ставаат на услуга на компаниите, целтта е да се подржи економската активност. Во конкретниот случај преку Ценатрот на компаниите кои доминираат во структурата на нашата економија. Доколку ММСП сакаат да останат конкурентни и да играат позначајна улога како на внатрешниот така и на меѓународниот пазар, мора постојано да се надградуваат, растат, да го зголемуваат бројот на вработени, да го зголемуваат опсегот на производи и услуги, пазарите, а со тоа да оствaруваат и поголем профит, за што е потребно континуирано следење и имплементирање и на стандардите, за што треба да имаат континуирано информирање со цел запознавање на важноста и потребата од следење на овој процес. Токму во тој дел Центарот при Комората ќе има значајна улога, посочи Кулебанова.

Микро, малите и средни пртепријатија, искуствено се потрдува дека се поттикнувачи во процесот на воведување на иновативни решенија , и се активни креатори и следбеници на сите нови текови кои глобалните пазари ги инсталираат. Но слабоста на оваа форма на правни субјекти е што тие сами индивидуално не се во можност да имплементираат големи процеси за кои се потребни соодветни инвестиции, кадар, опрема, а воедно се соочуваат и со недостиг од соодветни менаџерските вештини, капацитет на работната сила.

Од друга страна, во поглед на големите компании, тие се во подредена положба поради малиот број на работници во деловните субјекти да немаат можност секогаш да бидат во тек со сите потребни инофрмаии и да може да преземаат соодветни дејствија за надминување на бариерите како и следење на законксите процеси.

Владите на многу земји ја препознаваат виталната улога и важноста на малите и средни претпријатија и затоа прават чекори со кои воспоставуваат услови кои ќе го фаворизираат нивното делување. Оттука и во нашата држава, фокусот треба да биде кон факторите кои влијаат на растот и развојот, а кои се рефлектираат во активностите на малите и средни претпријатија, како што се несолвентноста, процедурите за регистрација на бизнис, инфлацијата, невработеноста, инвестициите во истражување и развој, кредитирањето, што имаат сериозно влијание врз растот мерен според БДП по глава на жител. Добиените резултати покажуваат дека единствена променлива која има статистички значајно влијание врз БДП по глава на жител е кредитирањето на приватниот сектор. Исто така, резултатите покажуваат дека инвестициите во истражување и развој имаат позитивен ефект врз БДП по глава на жител, како и во решавањето на несолвентноста и инфлацијата, како и процедурите за започнување бизнис. Ваквите наоди укажуваат дека треба да се фокусираме токму на споменатите фактори доколку сакаме да го поттикне растот измерен преку БДП по глава на жител преку малите и средни претпријатија.

# Соработка академија - бизнис: клуч за зголемена конкурентност преку воведување на концепт на зелена и циркуларна економија




И после 10 години Стопанската комора останува на патот да претставува мост помеѓу образованието и бизнисот, за што потврда се и активностите кои ги реализираме овие денови во насока на беспрекорно функционирање на врската за обезбедување стручен кадар за потребите на стопанството, посочи претседателот на Стопанска комора Бранко Азески, на прес конференција со проф. д-р Дејан Мираковски, ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип. Целтта на пресот беше промоција на проектот “Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука-бизнис” што во рамки на програмата на министерство за економија за колаборативни проекти во делот на имплементација на паметната специјализација, дигитална и зелена трансформација на индустријата на кој аплцираше УГД, а Комората е партнер во истиот.

Ние како Комора вели Азески работиме активно на обединување и ставање во функција на сите чинители во државата, особено поинтензивно поврзување со науката со цел да испорачаме конкретна поддршка за нашите компании во нивните напори за воведување на нови технологии, иновации и зелена транзиција како основа за поголема конкурентност на Европскиот пазар.

Преку овој проект ќе им овозможиме на нашите компании да ги користат лабараториите и истражувачката инфраструктура на Универзитетот во делот на циркуларна економија и зелена екомомија и да користат научна и стручна експертиза во делот на исполнување на меѓународните стандарди за заштита на животната средина и зелената трансформација.

Истовремено, преку конкретни примери успешно го илустрираме капацитетот и посветеноста



на Комората да биде вистински сервис на нашите компании и поддршка во развојот на нивните бизниси. Во изминатиот период обезбедивме техничка поддршка за финансирање на инвестициски проекти на повеќе компании, работиме со компаниите во делот на зголемување на нивниот извоз на нови пазари и воведување на нови дигитални решенија во нивното работење. Сега почнуваме со поддршка на компаниите во делот на воведување на концептот на циркуларна економија преку креирање на нови иновативни производи со ре-употреба на материјали и имплементирање на меѓународни еколошки стандарди за заштита на животната средина.

Ние во Комората секогаш сме визионери и секогаш ги предвидуваме идните трендови и процесите во бизнисот и затоа нашата цел во наредниот период во еден дел секако ќе бидат прашањата поврзани со циркуларната економија и зелена транзиција како важни аспекти на бизнисот, посочи претседателот на СКСМ.

Целта на проектот е градење на платформа за долгорочна соработка помеѓу науката и бизнисот во делот на развивање и примена на нови научно засновани концепти и решенија на циркуларна и зелена економија во рамки на македонската индустрија, вели ректорот на УГД Штип, проф д-р. Мираковски.

Во рамки на проектот како што информираше, предвидено е креирање на дигитална платформа базирана на два меѓусебни поврзани центри: Бизнис центар за циркуларна економија и Научно-истражувачки центар за циркуларна и зелена економија. Нашата крајна цел како наука заедно со бизнисот е да придонесеме кон градење на подобра и поквалитетна средина за сите граѓани во земјата преку истовремено развивање на индустријата и заштита на животната средина. Тоа можеме да го постигнеме заедно и обединето сите чинители и токму овој проект помеѓу Стопанската комора и Универзитетот Гоце Делчев поддржан од страна на државата е конкретен пример за тоа, истакна ректорот.



# 9 НАСОКИ ЗА ПОЗИТИВНИ ЕКОНОМСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД ТИМ 40




Асоцијацијата на млади претприемачи -ТИМ 40 при Стопанската комора на Северна Македонија бара од политичарите предвидливост, концепт и визија во која насока ќе се движи државата во следните 10 години.

- Младите бизнисмени имаат знаење и имаат создадено капитал којшто може да го преместат надвор од државата доколку се разочараат, пред се во политичката сфера. Сакаме да видиме концепт за базичните работи, концепт за иднината во однос на здравството, образованието, инфраструктурата, каде Македонија ќе биде во наредните 10 години и како политичките лидери планираат да го остварат тоа, посочи претседателот на ТИМ 40 Жарко Димитриоски.

Младите претприемачи предлагаат девет насоки со цел да се подобрат работите од кои дел, како што рече Димитриоски, се веднаш применливи. Предлагаат модерни даночни решенија, решавање на економски пречки кои ретко кој ги забележува, продукциски фонд за јакнење на домашната култура и идентитет. Бараат бела листа на плаќачи на данок, можност за исплата на 14-та плата без оданочување, како и за секое ново вработено лице кое ќе остане на работа најмалку една година, работодавачот да биде ослободен од плаќање на придонеси уште три месеци. Младите претприемачи бараат и решавање на проблемот што го имаат со рекламирање на Google кој не го препознава македонскиот јазик поради што тие се принудени да се рекламираат на латиница наместо на кирилица.

Исто така предлагаат неискористените државни простории да се даваат на старт-ап компании, да се зголеми безбедноста на дигиталната инфраструктура и да се креира продукциски фонд со цел да се создаваат серии како што тоа го прават соседните држави. Овие серии на аукција би им се понудиле на националните телевизии, а собраните средства би се реинвестирале. Сериите од национален интерес би биле дадени на националниот сервис.



Единствената светла точка во нашата држава е бизнисот. Тој е менлива категорија и секогаш носи нови изненадувања. Стопанската комора опстанала повеќе од 100 години бидејќи таа во својата суштина прави репродукцијана кадри и на фирми кои може да се спрваат со проблемите. Доаѓањето на оваа млада екипа (ТИМ 40) во Комората по природен пат, само е една потврда дека на Комората така препознаена и се приклучуваат нови и нови сили не како поединци и фирми туку како институции кои имаат своја поставена цел и со поддршка на Комората истото ќе го остварат, истакна претседателот на Комората Бранко Азески.

Ние сме институција која ги следи промените и технолошкиот развој, за што и самите веќе неколку години ги применувале новите алатки во своите активности и настани. Во оваа генерација на млади бизнисмени која доаѓа добиваме серозни наследници кои ќе го подигнат нивото на коморскиот живот и нивото на економијата во државата, со поинакви цели технолошки компатибилни на европските.

Гледајќи ги ставовите на младите, во нив препознав едноставни и практични проблеми кои на малите и средни компании ќе им овозможат практично преку преземање одредени активности да го направат решителниот чекор.



# ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО АТАШЕ НА АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА ЗА РС МАКЕДОНИЈА



очнувајќи од ноември 2023 година, покривањето на USDA за РС Македонија ќе биде преку Канцеларијата на регионалното земјоделско аташе во Варшава, Полска. Г. Левин Флејк, придружуван од Мила Бошнакова, специјалист за земјоделство, и од Александар Тодоров, специјалист за маркетинг од Канцеларијата на USDA FAS во Софија, Бугарија, денеска ја имаше својата прва воведна посета на Стопанската комора на Северна Македонија за да се сретне со клучните играчи во секторот земјоделство и храна во земјава.

Земјоделството и прехрамбената индустрија во Република Северна Македонија, економски гледано, се третиот најголем сектор, кој има значаен придонес во бруто-домашниот производ (БДП), во надворешната трговија и во јавната и приватната потрошувачка, а, пак, социјално гледано, овие две индустрии заеднички се голем работодавец, со вкупно 10.967 активни претпријатија.

Можностите за поголем придонес на оваа дејност во националната економија се значително поголеми затоа што расположливите потенцијали во земјоделството не се целосно искористени, и покрај традицијата во овој сектор, како и покрај поволните климатски услови. Повеќе од една третина од земјоделското обработливо земјиште не се обработува. Субвенциите кои почнаа да се исплаќаат од 2007 година не ги дадоа саканите ефекти. Наместо развојна нота, тие беа искористени како социјално-политичка алатка

Но, македонското земјоделство во изминатите 25 години се соочува со големи предизвици. Членството во СТО, спогодбата со ЕУ и членството во ЦЕФТА ги прошири ја можностите за зголемување на извозот, но истовремено ја зголемија и домашната конкуренција.



Создавањето конкурентен земјоделско-прехранбен сектор кој ќе ги искористи компаративните предности на Република Северна Македонија бара доследно спроведување сеопфатни мерки во повеќе области вклучувајќи: ефектни земјишни политики, финансирање, преструктуирање на земјоделското производство во насока на производи со недостиг од високи примања и ефикасен пазар кој обезбедува соодветна средина за техничките и за претприемачките вештини на домашните фармери. Целта е да се зајакне свеста за македонските земјоделски и прехранбени производи, чии имиња се заштитени со оригинални ознаки за потеклото, со заштитни географски ознаки или со загарантирани традиционални специјалности, за да се зголеми нивната побарувачка, за да се зголеми интересот на производителите за влез во производството на заштитени производи, за да се постигне нивно подобро позиционирање и за да се спречи злоупотреба на заштитените имиња на пазарот.

На Македонија ѝ недостигаат економски одржливи рурални заедници кои ќе придонесат во развојот на македонското земјоделство и во пласманот на македонските производи на странските пазари. Еден дел од буџетските средства во изминатите години беа наменети за развој на инфраструктурните капацитети за развој на земјоделството (инвестиции во системи за наводнување, во модерни мелиоративни системи насекаде низ државата, во изградба на брани, во регулирање на водните корита итн.). Неопходно е спроведување активности поврзани со промените во животната средина за во еден догледен период да може да се видат резултатите од добрата земјоделска пракса и од подигнувањето на свеста на населението за значењето на можностите што ги дава РС Македонија за производство на здравствено безбедна храна. Притоа, посебно внимание треба да им се посвети на приспособувањето на климатските промени (како во растителното производство така и во анималното), контролираното управување со водните ресурси, биоенергијата и на биодиверзитетот во државата.

Млекарството и месната индустрија, мелничарството и винарството се клучните потсектори во агроиндустријата со потенцијал за развој, за што бизнис-секторот има конципирано предлог-мерки. Но изминатите години кулминираа проблемите во сите сектори, што покажа дека е потребно интервентно решавање одредени суштински проблеми за да се зачуваат сточниот фонд, лебното жито и лозарството како стратешка суровинска база, а дури потоа ќе може да се размислува за стимулативни мерки кои ќе доведат до раст.

Претставниците од овие сектори кои учествуваа на денешната работна средба посочија неколку области во кои американската помош би била значајна за државата и за земјоделско-прехранбениот сектор. Делот на статистички податоци и анализи, како појдовна основа за градење стратегија во земјоделството, технологијата и во трансферот на знаење, како и нова генетика во сточарството се само дел од предлозите кои ги слушнаа претставниците од американската Амбасада.

На крајот од средбата во Комората беше договорено интензивните консултации со претставниците од американската Амбасада да продолжат и во наредниот период, во насока на зголемена поддршка и на унапредување на соработката во овој сектор.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар**
**09.02.2024**

# КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ СО ЕКСЕЛ И АПЛИКАЦИИ ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Во денешниот свет на промени владеењето на Excel е многу барана вештина за вработените - неговото познавање практично претставува стандард во деловниот свет. Од друга страна Вештачката интелигенција го презема речиси секој пазар, станувајќи главен дел од нашето секојдневие. Токму затоа овие две теми се предмет на работа на овој семинар.

Во првиот дел, кој се однесува на Excel, учесниците ќе слушнат корисни совети кои ќе овозможат кратење на времето за изработка на различни задачи, кратки и јасни содржини без премногу теорија. Низ практичните примери ќе научат како да валидираат податоци, да работат со едноставни формули, функции, меѓу кои и најчесто користената функција VLOOKUP. На овој начин лесно ќе го разберат градивото и ќе може веднаш да го применат стекнатото знаење.

Вториот дел од семинарот опфаќа вовед во работењето со апликации за вештачка интелигенција вклучувајќи ја и апликацијата „Чет-ГПТ", Tomo, Canva, QuillBot и сл. Посетителите на семинарот ќе имаат прилика да видат како се пишува мотивациско писмо, пофалба/жалба за одредени услуги, деловно писма до клиентите и слично со помош на „Чет-ГПТ". Исто така ќе научат како да направат презентација само со задавање на нејзиниот наслов како и ќе добијат насоки за користење на други апликации од областа на вештачката интелигенција.

Основен услов за следење на семинарот е учесникот да има познавања од работа со компјутер и основни познавања на програмата за табеларно пресметување – Excel 2016.

Предавач: Ирина Иванова, дипломиран инженер и професор по информатика веќе 22 години. Обучувач во областа на ИТ. Активно е вклучена во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД и Британски Совет како експерт и обучувач. Воедно е и Scientix амбасадор за Македонија. Учесник е на бројни конференции, но и автор на прирачници за основно и учебници за средно образование

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар**
**13.02.2024**

# УМЕТНОСТА НА ВЛИЈАТЕЛНО РАСКАЖУВАЊЕ НА ПРИКАЗНА ОД ПОДАТОЦИ: ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МОЌТА НА ВИЗУЕЛНИОТ НАРАТИВ

Во ера на големи податоци, трансформирањето на необработените бројки во значајни сознанија е од особена важност за создавање на додадена вредност во работењето на компанијата. Способноста да се ракува со големи податоци е основна вештина, а разбирањето на петте столба на бизнис аналитиката (дескриптивна, дијагностичка, предиктивна, прескриптивна и когнитивна) ги опремува професионалците со сеопфатен пакет алатки за донесување на деловни одлуки.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 13 февруари 2024 година организира обука на тема: „Уметноста на влијателно раскажување на приказна од податоци: ослободување на моќта на визуелниот наратив" која ќе Ве опреми со компетенции неопходни за обработка на податоци и трансформација на истите кон деловни одлуки кои водат до успех во работењето.

Програмата се фокусира на суштината на раскажувањето на приказна од податоци, истакнувајќи ги трите главни елементи: наратив, визуелни прикази и податоци. Преку шест клучни лекции, учесниците ќе научат да ги контекстуализираат податоците, да избираат соодветни визуелни прикази, да го елиминираат нередот, стратешки да го насочуваат вниманието, да размислуваат како дизајнер и ефективно да исткаат привлечна приказна. Вклучувањето на практични примери, особено интеграцијата на Power BI за раскажување на приказна од податоци, додава практична димензија на обуката, обезбедувајќи учесниците да го применат своето знаење во сценарија од реалниот свет.

Предавач: Д-р Виолета Цветкоска е редовен професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Семинар 13.02.2024**

# TEAM BUILDING, ОДНЕСУВАЊЕ НА ТИМОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ВРАБОТЕНИТЕ

Team building како новина во внатрешната организација на компанијата е важен сегмент за успешно и навремено функционирање и опслужување на заинтересираните клиенти. За да се направи добар тим, покрај примарната цел соодветни луѓе на соодветно место, потрребни се постојани усовршувања на кадарот за да може да биде дел од брзиот технолошки развој и трендовите кои се наметнуваат во однос на функционирањето на компаниите. Конфликтите се дел од секоја работна средина, но начинот на нивно решавање мора постојано да се надоградува а се со цел ефикасна внатрешна комуникација.

Семинарот има за цел, да ја подобри вашиот внатрешен организациски момент на комуникација, да поработи на тимот и неговото однесување, да помогне низ практични примери, секој од нас да се држи до своите задачи и навремено да ги извршува.

Предавачи: доц. д-р Викторија Трајков,професор и експерт за односи со јавност и комуникација и проф. д-р Снежана Обедниковска, професор и експерт за лидерство и организациска промена.

Програма:

Модул 1

- Моќта на тимската култура;
- Креирање на тимска култура за постојано учење;
- Однесувања во тимот кои влијаат на перформансите на тимот.

Модул 2

- Градење на високо перформансни тимови;
- Креирање на основите на тимот;
- Менаџирање со различни типови на тимови.

Модул 3

- Оптимизација на различностите во тимот;
- Еднаквост, инклузија и припадност;
- Менаџирање со конфликти.

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 19.02.2024**

# БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ОД АСПЕКТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 19 февруари 2024 година во соработка со Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје, организира еднодневен семинар на тема: БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ОД АСПЕКТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ.

Преку излагања на експерти кои ќе ги споделат своите знаења и искуства за ублажување на ризиците поврзани со дигитализација на работните процеси, присутните ќе се стекнат со нови знаења и истовремено ќе се вклучат во значајни дискусии поврзани со темата.

Развојот на нови технологии, како што се вештачката интелигенција, големи количини на податоци, колаборативна роботика, алгоритми, дигитални работни платформи и истовремено зголемување на бројот на работници кои работат од дома, обезбедуваат нови можности за работниците и работодавачите, но исто така претставуваат нови предизвици и ризици кога се работи за безбедност и здравје при работа. Одговорот на предизвиците и ризиците и максималното искористување на можностите зависи од тоа како се применуваат технологиите, како се управуваат и како тие се законски регулирани во контекст на социјалните, политичките и економските трендови.

Преку низа на системски алатки кои се користат за подобрување на процесот и /или системот за управување и следење на условите на реализација на рабтните задачи на вработените на нивните работни места, а имајќи ги во предвид обврските кои произлегуваат пред се од законот за БЗР, ќе се дефинираат активности кои се во надлежност пред се на работодавачот, на стручното лица за БР, а и обврските на самите вработени во дадени ситуации .

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

Семинар
22.02.2024

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈА, СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПРЕКУ ЏОХАРИ ПРОЗОРЕЦОТ И МЕТОДАТА „POINTS OF YOU“

Тимската соработка во едно претпријатие е еден од клучните фактори за раст, развој, напредок и успех. Секој вработен има уникатни таленти и вештини. Кога тие квалитети ќе бидат детектирани, ќе бидат споделени и насочени кон заедничка цел, тоа може да им даде на компаниите вистинска конкурентска предност, но и ја подобрува климата во самата организација.

Но, не сите тимови се изградени на цврста основа на доверба, лидерство и усогласеност. За да постигнеме успех, еден од главните фактори е тимот да е кохезивен. Патот до создавање посилни и покохезивни тимови е да изградиме доверба, да научиме како да се вклучиме во продуктивен конфликт, да се посветиме на одлуките и целите, да бараме меѓусебна одговорност и да се фокусираме на постигнување колективни резултати. Оваа обука на креативен и интерактивен начин ќе овозможи да ги детектираме факторите и начините кои придонесуваат за создавање на кохезивност преку подобрување на колегијалната соработка на индивидуално но и на колективно ниво.

Целта на обуката е да создадеме повеќе свесност кај индивидуата за нејзините постапки. Со освестување на нивните карактерни особини кои им се допаѓаат и на кој начин тие ги прават поразлични од другите , како другите сакаат да се однесуваат кон нив, учесниците без разлика на нивната идеологија учат да разговараат на вистински начин за прашања кои ги засегаат во корпоративната средина.

Алатки кои ќе ги применуваме во работата се картичките на интернационалната методологија Points of You™, кои се базираат на фототерапија. Знаеме дека асоцијативните процеси не создаваат отпор кај учесниците кога се работи на одредена сензитивна тема и овозможува нивно меѓусебно конектирање.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



Семинар
27.02.2024 -
28.02.2024

# КОНТРОЛА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ПРЕКУ ИТ РЕВИЗИЈА

Безбедноста на информациите и воспоставување контрола е многу важно, но кога безбедноста на информациите не е загрозена може да се случи да се загрози интегритетот на податоците, односно информациониот систем да биде недостапен или несигурен. Како и во ИТ-безбедноста, пропустот може да не се забележи веднаш кога е направена штетата.

Дефинирање на ИТ-контролата, нејзината примена и соодветен третман на ИТ-ризиците можат да бидат добра основа за безбедно користење на напредните технологии, во насока на остварување на целите на компанијата. Редовна контрола на ИТ-системите и континуирано унапредување може да резултира со бенефиции од истите, што ќе се рефлектира со постигнување на посакуваните резултати преку ефикасен и ефективен начин. Од друга страна, правилното управување за безбедност, достапност и интегритет на ИТ-системите ќе го определи времето за постигнување на целта, низ навремено препознавање на информацискиот ризик и соодветна заштита.

Што добиваат учесниците?

Семинарот на учесниците ќе им овозможи да стекнат основни и напредни знаења и вештини за спроведување на контрола на информационите системи како во големите компании, така и во малите компании. Учесниците постепено ќе се запознаваат со ИТ контролите кои треба да бидат воспоставени, во насока на воспоставување на сигурно и безбедно работење на информациониот систем и соодветна подрршка на деловните процеси.

Целта на семинарот е учесниците да се стекнат со основно и напредно знаење и разбирање на ИТ ризиците и контролата која се применува за да се намали или елиминира влијанието на ризиците, како и да стекнат подобро разбирање и поголем апримена на ИТ ревизијата во Вашата компанија.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

## СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**102**
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088